РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА
ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
Број 17 - 88/17
Датум 24.09.2010 200 год.
Скопје

Врз основа на член 71 став 2, алинеа 4 и 104, став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08,103/8,26/9,83/09 и 99/2009 година), Одборот за акредитација на 29-та седница одржана на 02.09.2010 година донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на нова студиска програма од првиот циклус четиригодишни универзитетски и стручни студии на Приватната високообразовна установа Факултетот за психологија на Меѓународниот Славјански институт (МСИ) „Гаврило Романович Державин" во Свети Николе**

1.Се акредитира студиската програма за додипломски универзитетски и стручни студии од прв циклус на студиската програма по Психологија на Факултетот за психологија на Меѓународниот Славјански институт (МСИ) Г.Р.Державин во Свети Николе, согласно Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата, постапката за акредитација, критериумите истандардите за акредитација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација („Службен весник на Република Македонија" бр.121/2010 ) и врз основа на исполнетоста на условите согласно Законот за високото образование и Правилникот за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност.

2. Акредитацијата од точка 1 на ова решение се дава за додипломски студии од прв циклус на универзитетски и стручни студии по Психологија на Факултетот за психологија на Меѓународниот Славјански институт (МСИ) Г.Р.Державин во Свети Николе, во траење од четири години.

3. По завршените додипломски студии, се стекнува со академско звање : **Дипломиран психолог.**

4. Факултетот за психологија на Меѓународниот Славјански институт (МСИ) Г.Р.Державин во Свети Николе, е должен во целост да го реализира Проектот

од точка 1 на ова решение по однос на исполнетоста на условите за вршење на високообразовна дејност во согласност со Законот за високото образование, Правилникот за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија", број 33/03) и Класификацијата на научни подрачја, полиња и области на истражувања, структурирани според стандардите на ОЕЦД.

5. Членовите на Одборот за акредитација одлуката за акредитација ја донесоа едногласно.

6. Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Факултетот за психологија на Меѓународниот Славјански институт (МСИ) Г.Р.Державин во Свети Николе поднесе барање и достави проектот до Одборот за акредитација на високото образование за прифаќање и акредитација на додипломски студии од првиот циклус за студиските програми по Психологија.

Одборот за акредитација на својата 19 седница одржана на 26.08.2009 година, формира експерстка комисија за преглед и оценка на Проектот и на 29 седница одржана на 02.09.2010 година врз основа доставениот Проект, и извештајот на експертската комисија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА ОДБОРОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА**
**НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**
**Проф. д-р Михаил Петковски**

ПРИВАТНА ВИСОКООБРАЗОВНА УСТАНОВА
МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ ИНСТИТУТ
"Г.Р.ДЕРЖАВИН"
СП 11/10
Примено на ден 30.09.2010 год.
Потпис